*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*18/24-131*
*18.07.2024год.*
*Ш т и п*

Врз основа на член 29, член 38 и член 50 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 32/20 и 111/23), градоначалникот на Општина Штип донесе:

ОДЛУКА
ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ЈАВНА АНКЕТА
ПО ИЗГОТВЕН
ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА БАЊА КЕЖОВИЦА, УРБАН ЧЕТВРТ СЗ 11.01, КО ШТИП 5, ОПШТИНА ШТИП

Член 1

Со оваа одлука се организира јавна анкета и јавна презентација на изготвен ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА БАЊА КЕЖОВИЦА, УРБАН ЧЕТВРТ СЗ 11.01, КО ШТИП 5, ОПШТИНА ШТИП.

Граници на планскиот опфатот за изработка на предметниот ДУП е ограничен со следниве улици:

- од север опфатот граничи со КП 8785/3
- од исток опфатот граничи со КП 8785/3, КП 8221
- од југ опфатот е дефиниран по осовина на река Отиња
- од запад опфатот граничи со Новопроектирана собирна улица “Рибник”

Во планската програма дефиниран е плански опфат кој е прикажан на графички прилог.

Површината која ја опфаќа опишаната граница на прелиминарниот плански опфат изнесува 2,7 ха.



Scanned with CamScanner

Член 2

Соопштението за организирање на јавна анкета и јавна презентација ќе биде објавено на веб страната на Општина Штип и во информацискиот систем на е урбанизам, печатени плакати и соопштенија во и околу планскиот опфат и на информациската табла на Општина Штип

Член 3

Согласно законската регулатива од областа на урбанистичко планирање Јавната анкета и јавната презентација на ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА БАЊА КЕЖОВИЦА, УРБАН ЧЕТВРТ СЗ 11.01, КО ШТИП 5, ОПШТИНА ШТИП ќе се спроведе со излагање на Деталниот урбанистички план во информацискиот систем на е урбанизам, печатени плакати и соопштенија во и околу планскиот опфат и на информациската табла на Општина Штип.

Јавната анкета ќе трае 30 работни дена од денот на објавувањето на Соопштението и тоа од 13 август 2024 (Вторник) до 25 септември 2024 год (Среда), а јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 26 август 2024 (Понеделник) година во 12:00 часот во просториите на Сала 2 на општина Штип. Во споменатиот рок, можат да се доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови во писмена и електронска форма.

Член 4

Целокупната документацијата на горенаведениот план ќе биде изложена на јавно место, во информацискиот систен на е урбанизам и во просториите на Одделение за урбанизам, градежништво, станбени работи и заштита на животната средина на Општина Штип



Scanned with CamScanner

Член 5

Заинтерисаните граѓани и правни лица можат да да ги достават своите забелешки по однос на горенаведената планска документација во електронска форма преку информацискиот систем на е урбанизам или во писмена форма преку архива во времетрањето на јавната анкета

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување.

**ОПШТИНА ШТИП**
Градоначалник
Иван Јорданов

*ОпштинаШтипул. „Васил Главинов“ бр. 4Б, 2000 Штип, Република Северна Македонија*
*Тел: (032) 22 66 00 Факс: (032) 22 66 01*
*Вебстрана: www.stip.gov.mk е-пошта: gradonacalnik@stip.gov.mk*

Scanned with CamScanner